РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
MINISTRIA E TRANSFORMIMIT DIGJITAL
Бр./Nr. 04-947/2
06.05 2025 год./viti
СКОПЈЕ SHKUP

Согласно член 48 став (4) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Министерството за дигитална трансформација на Република Северна Македонија објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ - 01/2025**
**за унапредување на 3 (тројца) административни службеници во Министерството за дигитална трансформација**

Министерството за дигитална трансформација објавува интерен оглас за унапредување на 3 (тројца) административни службеници за следните работни места:

**1. Раководител на сектор за сајбер безбедност, со звање раководител на сектор и шифра на работно место УПР0101Б02000, во подгрупата на државни службеници – 1 извршител;**

**Општи услови**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**

- VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Инженерство и технологија - електроника електротехника и информациско инженерство
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- потврда за положен испит за Административно управување
- пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)

**Распоред на работно време:**

- работни часови во неделата: 40
- работно време од понеделник до петок пристигнување од 07:30 до 08:30 заминување од 15:30 до 16:30 часот
- Паричен износ на основната нето плата 49.093,00 денари.

**2. Виш соработник за прашања од областа на електронските комуникации, во Одделение за електронски комуникации со информатички технологии, во Сектор за комуникации, со звање виш соработник и шифра на работно место УПР0101В02000, во подгрупата на државни службеници – 1 извршител;**

**Општи услови**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**

- VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен; Инженерство и технологија - електроника електротехника и информациско инженерство
- најмалку две години работно искуство во струката
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
-Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)

**Распоред на работно време:**

-работни часови во неделата: 40
-работно време од понеделник до петок пристигнување од 07:30 до 08:30 заминување од 15:30 до 16:30 часот
-Паричниот износ на основната нето плата од 34.333,00 денари.

**3. Виш соработник за оперативна поддршка на административни работи, во Одделение за општи работи, превод и лекторирање, во Сектор за стручно-оперативна и логистичка поддршка и управување со човечки ресурси, со звање виш соработник и шифра на работно место УПР0101В02000, во подгрупата на државни службеници – 1 извршител;**

**Општи услови**
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**
- VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен; Општествени науки - Политички науки или економија и бизнис (организациони науки и управување ( менаџмент) )
- најмалку две години работно искуство во струката
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
-Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)

**Распоред на работно време:**
-работни часови во неделата: 40
-работно време од понеделник до петок пристигнување од 07:30 до 08:30 заминување од 15:30 до 16:30 часот
-Паричниот износ на основната нето плата од 34.333,00 денари.

Кандидатите за унапредување треба да ги исполнуваат општи услови и посебните услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за дигитална трансформација, како и :

- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување на кое бил оценуван,


Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk

- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Право на учество имаат сите административни службеници вработени во Министерството за дигитална трансформација кои ги исполнуваат условите за конкурирање.

Кандидатите кон пријавата можат да ги приложат следниве доказите:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 дена сметано од денот на објавувањето на огласот на ВЕБ страниците на Министерството за дигитална трансформација и Агенцијата за администрација.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата со потребната документација треба да се достави до архивата на Министерството за дигитална трансформација како и до службената електронска адреса на одделението за управување со човечки ресурси односно на следната електронска пошта : covecki_resursi@mdt.gov.mk

**НАПОМЕНА :** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата за унапредување се дисквалификува од натамошна постапка.



Министерство
за дигитална трансформација на
Република Северна Македонија

Ул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0999
www.mdt.gov.mk